**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**
**Ципро 750 mg, филм-обложени таблети**
**Ципро 500 mg, филм-обложени таблети**
**Ципро 250 mg, филм-обложени таблети**
**ципрофлоксацин**

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако се јави сериозно несакано дејство или ако забележите несакано дејство кое не е опишано во ова упатство, веднаш кажете му на Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**
1. Што претставува лекот Ципро и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Ципро
3. Како се употребува лекот Ципро
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на Ципро
6. Содржина на пакувањето и други информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ ЦИПРО И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Ципро содржи ципрофлоксацин како активна супстанција. Ципрофлоксацинот е антибиотик кој спаѓа во групата на флуорирани кинолони.
Делува така што ги убива бактериите кои предизвикуваат инфекции. Делува само на одредени видови на бактерии.

Возрасни
Ципро кај возрасни се употребува за лекување на следниве бактериски инфекции:
- инфекции на органите за дишење,
- долготрајни или повторувачки инфекции на уво и синуси,
- инфекции на мочниот систем,
- инфекции на половите органи кај мажи и жени,
- инфекции на органите за варење и инфекции на стомачната празнина,
- инфекции на кожа и меки ткива,
- инфекции на коски и зглобови,
- за спречување на инфекции предизвикани од бактеријата *Neisseria meningitidis,*
- изложеност на вдишување на бацилот на антракс.

Ципрофлоксацин може да се употребува за лекување на инфекции кај пациенти со многу низок број на бели крвни клетки (неутропенија), кои имаат треска за која постои сомневање дека е предизвикана од бактериска инфекција.
Ако имате сериозна инфекција или инфекција која е предизвикана од повеќе од еден вид на бактерии, како дополнителна терапија заедно со Ципро може да Ви биде даден друг антибиотик.

Деца и адолесценти
Ципро се употребува кај деца и адолесценти, под строга контрола на доктор специјалист, за лекување на следниве бактериски инфекции:
- белодробни и бронхијални инфекции кај деца и адолесценти кои страдаат од цистична фиброза,
- комплицирани инфекции на мочниот систем, вклучувајќи инфекции кои ги зафаќаат бубрезите (пиелонефритис);
- изложеност на вдишување на бацилот на антракс.

Ципро кај деца и адолесценти може да се употребува и за лекување на други специфични сериозни инфекции, доколку Вашиот доктор смета дека е неопходно.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ЦИПРО

**Немојте да го употребувате Ципро ако:**

- сте алергични кон активната супстанца, на други лекови од групата на кинолони или било која помошна состојка на лекот (наведени во Точка 6),
- земате тизанидин (погледнете во Точка 2: Употребување на други лекови).

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

**Пред земање на Ципро, информирајте го Вашиот доктор ако:**

- било кога сте имале проблеми со бубрезите, затоа што во тој случај е потребно прилагодување на третманот,
- имате епилепсија или други невролошки состојби,
- имате историја на проблем со тетивите додека сте биле на терапија со некој друг антибиотик како што е Ципро,
- сте дијабетичар, затоа што при терапија со ципрофлоксацин постои ризик од хипогликемија,
- имате миастенија гравис (вид на мускулна слабост), затоа што може да дојде до влошување на симптомите,
- Ако имате дијагноза на зголемен или проширен голем крвен сад (аневризма на аортата или периферна аневризма на голем крвен сад)
- Ако сте имале претходно епизода на дисекција на аортата (раскинување на зидот на аортата)
- Ако имате фамилијарна историја на аортна аневризма или аортна дисекција или други фактори или предиспонирачки состојби (на пр. нарушување на сврзното ткиво како што е Марфан-ов синдром, или васкуларен Ehlers-Danlos синдром, или васкуларни пореметувања како што е Takayasu артеритис, артеритис со гигантски клетки, Behcet-ова болест, висок крвен притисок или позната атеросклероза).
- имате проблеми со срцето. Потребна е претпазливост при примена на ципрофлоксацин доколку сте родени со продолжен QT интервал или имате фамилијарна историја (што може да се види на ЕКГ-електрокардиограм), ако имате нарушена рамнотежа на соли во крвта (особено ниско ниво на калиум или магнезиум во крвта), ако имате многу бавен срцев ритам (брадикардија), ако имате срцева слабост, ако имате историја на срцев удар (миокарден инфаркт), ако сте жена или пак во постара возраст или ако земате лекови кои доведуваат до промени во ЕКГ-то (погледнете во Точка 2: Употребување на други лекови).
- Вие или член на Вашето семејство, имате недостаток на глукозо-6-фосфат дехидрогеназа, бидејќи постои ризик од појава на анемија при лекување со ципрофлоксацин.

За лекување на некои инфекции на половите органи, Вашиот доктор може да препише и друг антибиотик како дополнителна терапија на ципрофлоксацин. Консултирајте се со Вашиот доктор доколку нема подобрување на симптомите по 3 дена терапија.

**За време на лекување со Ципро**

Веднаш информирајте го Вашиот доктор ако за **време на лекувањето со Ципро** се појави било што од долунаведеното. Вашиот доктор ќе одлучи дали ќе го прекине лекувањето со Ципро.

- **Сериозна, ненадејна алергиска реакција** (анафилактична реакција/шок, ангиоедем). Дури и при првата доза постои мал ризик да Ви се јави сериозна алергиска реакција со следниве симптоми: стегање во градите, вртоглавица, мачнина, несвестица или појава на вртоглавица при станување. **Доколку Ви се појават овие симптоми, престанете со земањето на Ципро и веднаш информирајте го Вашиот доктор.**
- **Болка и оток на зглобовите и воспаление на тетивите** може да се јават повремено, особено доколку сте постари или земате кортикостероиди. Воспаление и кинење (руптура) на тетивите може да се случи и во тек на првите 48 часа од земањето на лекот, или до неколку месеци после прекинување на терапијата. На првиот знак на појава на било каква болка или воспаление, престанете со земањето на Ципро и одморете го болниот дел. Избегнувајте било каков непотребен напор, бидејќи може да го зголеми ризикот за кинење (руптура) на тетивата.
- Ако почувствувате **нагла, тешка болка во Вашиот стомак, гради или грб**, веднаш појдете во итна помош.

AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE · SHKUP · АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА · СКОПЈЕ

- Ако имате **епилепсија** или други **невролошки состојби** како што е мозочна исхемија или мозочен удар, може да Ви се јават несакани дејства од страна на централниот нервен систем. Ако се случи напад, престанете со земањето на Ципро и веднаш информирајте го Вашиот доктор.
- Може да Ви се јават симптоми на **невропатија** како болка, жарење, пецкање, здрвеност и/или слабост. Во тој случај престанете со земањето на Ципро и веднаш информирајте го Вашиот доктор.
- При првото земање на Ципро може да Ви се јават **психијатриски реакции**. Доколку страдате од депресија или психози, при земање на Ципро симптомите може да Ви се влошат. Во ретки случаи, депресијата или психозата може да се влошат и да се појават мисли за самоубиство, обид за самоубиство или извршување самоубиство. Во тој случај веднаш информирајте го Вашиот доктор.
- Пријавени се случаи на хипогликемија, најчесто кај пациенти со дијабетес, особено постари пациенти. Доколку ова се случи, веднаш информирајте го Вашиот доктор.
- Хинолонските антибиотици може да предизвикаат **нарушување на нивото на шеќерот во крвта**, двете можности: намалување на нивото под нормалните вредности (хипогликемија) и зголемување на нивото над нормалните вредности (хипергликемија) (видете дел 4, Несакани ефекти). Нарушувањата на нивото на шеќерот се јавуваат најчесто кај постари дијабетични пациенти, кои примаат истовремено терапија со перорални лекови за намалување на нивото на шеќер (пр. глибенкламид) или инсулин. Пријавени се и случаи на губење на свеста поради голема редукција на нивото на шеќер (хипогликемиска кома). Ако имате дијабетес, се препорачува внимателно следење на глукозата во крвта.
- За време на земањето на антибиотици, вклучувајќи и Ципро, може да се јави **пролив**, дури и неколку недели по прекин на земањето на лекот. Ако проливот е сериозен и трае подолг период, или ако приметите слуз во столицата, веднаш престанете со земањето на лекот и веднаш информирајте го Вашиот доктор, затоа што оваа состојба може да биде животно-загрозувачка. Не земајте лекови кои ја запираат или забавуваат работата на цревата.
- Доколку Ви се јави **нарушување на видот** или било какви други проблеми со очите, веднаш консултирајте се со очен специјалист.
- За време на терапијата со Ципро, Вашата кожа може да стане **почувствителна на сончева светлина или УВ зраци**. Затоа избегнувајте изложеност на силна сончева светлина или вештачко УВ зрачење (пример солариум).
- Доколку треба да дадете **крв или урина за анализа**, информирајте го докторот или персоналот во лабораторијата дека земате Ципро.
- Ако имате **проблеми со бубрезите**, информирајте го Вашиот доктор, затоа што можеби ќе биде потребно прилагодување на дозата на лекот.
- Ципро може да предизвика **оштетување на црниот дроб**. Ако приметите симптоми како што се губење на апетитот, жолтица (жолта пребоеност на кожата), темна урина, јадеж или осетливост на стомакот, веднаш известете го Вашиот доктор.
- Ципро може да доведе до намалување на бројот на белите крвни клетки, со што може да ја **намали отпорноста кон инфекции**. Доколку Ви се јави инфекција со симптоми како треска и сериозно влошување на општата состојба, или треска со локални симптоми на инфекција како болно грло/фаринкс/уста или уринарни проблеми, веднаш известете го Вашиот доктор. Ќе Ви биде земена крв за лабораториско испитување, за да се види дали настанало намалување на бројот на белите крвни клетки (агранулоцитоза). Важно е да го информирате Вашиот доктор дека земате Ципро.

**Употребување на други лекови и Ципро**
Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на докторски рецепт.
**Не земајте Ципро истовремено со тизанидин**, бидејќи може да се јават несакани дејства како што се низок крвен притисок и поспаност (погледнете во Точка 2: Немојте да го употребувате Ципро).
Познато е дека доаѓа до интеракции помеѓу Ципро и долунаведените лекови во Вашето тело. Истовремената употреба на Ципро со овие лекови може да влијае врз терапевтскиот ефект на овие лекови. Исто така, може да се зголеми можноста за појава на несакани дејства.

Информирајте го Вашиот доктор ако употребувате:

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

- Антагонисти на витамин К (пример варфарин, аценокумарол, фенпрокумон или флуиндион) или други антикоагуланси (лекови кои го спречуваат згрутчување на крвта),
- пробенецид (за гихт),
- метотрексат (за одредени типови на карцином, псоријаза, ревматоиден артритис),
- теофилин (за проблеми со дишењето),
- тизанидин (за мускулна спастичност при мултипна склероза),
- оланзапин (антипсихотик),
- клозапин (антипсихотик),
- ропинирол (за Паркинсонова болест),
- фенитоин (за епилепсија),
- метоклопрамид (за гадење и повраќање),
- циклоспорин (при некои состојби на кожата, ревматоиден артритис и при трансплантација на органи),
- други лекови кои може да доведат до нарушување на срцевиот ритам: лекови од групата на антиаритмици (пример кинидин, хидрокинидин, дизопирамид, амиодарон, соталол, дофетилид, ибутилид), трициклични антидепресиви, некои антимикробни лекови (кои спаѓаат во групата на макролиди), некои антипсихотици,
- золпидем (за нарушувања на сонот).

Ципро може **да ја зголеми концентрацијата** на следниве лекови во крвта:
- пентоксифилин (за нарушувања на циркулацијата),
- кофеин,
- дулоксетин (за депресија, оштетување на нервите при дијабетес или за инконтиненција),
- лидокаин (за проблеми со срцето или за анестезија),
- силденафил (за еректилна дисфункција),
- агомелатин (за депресија).

Некои лекови **го намалуваат** дејството на Ципро. Информирајте го докторот ако земате или сакате да земате:
- антациди
- омепразол
- минерални додатоци во исхраната
- сукралфат
- полимери кои ги врзуваат фосфатите (на пр. севеламер или лантан карбонат),
- лекови или додатоци во исхраната кои содржат калциум, магнезиум, алуминиум и железо.

Доколку овие лекови се неопходни, земајте ги Ципро филм-обложените таблети 2 часа пред или не порано од 4 часа по земањето на овие лекови.

**Употребување на Ципро со храна и со напиток**
Ако Ципро го употребувате за време на оброк, не земајте истовремено со таблетите никакви млечни производи (на пр. млеко или јогурт) или пијалоци збогатени со калциум, бидејќи може да влијаат на апсорпцијата на лекот.

**Бременост и доење**
Ако сте бремени или доите, мислите дека можеби сте бремени или планирате да забремените, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да го земете овој лек.
Пожелно е да се избегнува употребата на Ципро за време на бременост.
Не земајте Ципро во период на доење, затоа што ципрофлоксацин се излачува во мајчиното млеко и може да му наштети на Вашето дете.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Ципро може да ги забави Вашите реакции. Може да се јават невролошки несакани дејства. Затоа, пред управување со возило или машини бидте сигурни во тоа како реагирате на Ципро. Доколку не сте сигурни, разговарајте со Вашиот доктор.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ CIPRO

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Вашиот доктор ќе Ви објасни колку, како и колку долго ќе земате Ципро. Тоа ќе зависи од видот и тежината на инфекцијата која ја имате.

Информирајте го докторот доколку имате проблеми со бубрезите, бидејќи во тој случај дозата мора да се прилагоди.

Лекувањето обично трае од 5 до 21 ден, но кај тешки инфекции може да трае и подолго. Секогаш земајте го овој лек како што Ви препишал Вашиот доктор. Проверете со Вашиот доктор или фармацевт ако не сте сигурни колку таблети да земете и како.

a) Проголтајте ги филм-обложените таблети цели, со доволна количина на течност. Не ги џвакајте затоа што не се вкусни.

b) Настојувајте да ги земате филм-обложените таблети секој ден во исто време.

c) Можете да ги земате филм-обложените таблети за време на оброк или меѓу оброци. Калциумот кој го внесувате со храна нема значително да ја поремети апсорпцијата на лекот. Меѓутоа, **не земајте** го Ципро со млечни производи како што се млеко или јогурт или со обогатени овошни сокови (пример сок од портокал обогатен со калциум).

Запомнете да пиете многу течности додека го земате овој лек.

**Ако Сте земале поголема доза Ципро отколку што треба**

Ако Сте земале поголема доза отколку што треба, веднаш побарајте медицинска помош. Доколку е можно, земете ги таблетите или кутијата со себе за да му ги покажете на докторот.

**Ако Сте заборавиле да земете Ципро**

Земете ја нормалната доза што е можно побргу и потоа продолжете како што Ви е препишано. Ако се приближува времето за наредната доза, не ја земајте пропуштената доза но земете ја наредната доза. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза. Спроведете го лекувањето до крај.

**Ако престанете да земате Ципро**

Важно е да не го прекинувате лекувањето со Ципро дури и ако почнете да се чувствувате подобро по неколку дена. Ако престанете да го земате лекот прерано, инфекцијата може да не биде целосно излечена и симптомите може повторно да се вратат или да се влошат. Исто така, може да се јави резистенција кон антибиотикот.

Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, прашајте го Вашиот доктор или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови, Ципро може да има несакани дејства, кои не се јавуваат кај секој пациент.

Следната секција ги содржи најсериозните несакани ефекти кои може само да ги препознаете:

Престанате да земате Ципро и веднаш контактирајте го Вашиот доктор со цел да размисли за друг антибиотски третман, ако забележите било кој од следниве сериозни несакани ефекти:

**Ретки несакани дејства (кои се јавуваат кај 1 од 1000 пациенти):**

- Напади (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро)

**Многу ретки несакани дејства (кои се јавуваат кај 1 од 10000 пациенти):**

- Сериозна, нагла алергиска реакција со симптоми како што се стегање во градите, чувство на вртоглавица, несвестица или вртоглавица при стоење (анафилкатична реакција/шокова состојба) (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро)
- мускулна слабост, воспаление на тетивите што може да доведе до руптура на тетивата, особено што ги зафаќа големите тетиви на задната страна на зглобовите (Ахиловата тетива) (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро)
- Сериозен живото-загрозувачки исип по кожата, вообичаено во форма на блистери или чиреви во устата, грлото, носот, очите и другите мукозни мембрани како што се гениталиите, кој може да прогредира до големи блистерирања или лупење на кожата (Stevens-Johnson-ов синдром, токсична епидермална некролиза).

**Непозната зачестеност** (не може да се процени врз основа на достапните податоци).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА • SHKUP • СКОПЈЕ

- невообичаено чувство на болка, жарење, печење, стегнатост или мускулна слабост во екстремитетите (невропатија) (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро)
- реакција од лекот која предизвикува исип, треска, воспаление на внатрешните органи, хематолошки абнормалности и системско заболување ((DRESS – реакција од лекот со еозинофилија и системски симптоми, AGEP – акутна генерализирана егзантематозна пустулоза).

Другите несакани ефекти кои се забележани во тек на третманот со Ципро се наведени подолу по тоа колку е извесно да се појават:

**Чести несакани дејства (кои се јавуваат кај 1 од 10 пациенти):**
- гадење, пролив;
- болки и воспаление во зглобовите кај деца.

**Помалку чести несакани дејства (кои се јавуваат кај 1 од 100 пациенти):**
- болка во зглобовите кај возрасни
- габични суперинфекции;
- високи концентрации на еозинофили во крвта, вид на бели крвни клетки;
- намален апетит;
- хиперактивност или вознемиреност;
- главоболка, вртоглавица, проблеми со спиењето, нарушено чувство за вкус;
- повраќање, болки во стомакот, проблеми со варење како што се проблемите со желудникот (лошо варење/ждригавица), гасови;
- зголемување на нивото на одредени супстанции во крвта (трансаминаза и/или билирубин);
- исип, јадеж, уртикарија;
- ослабена бубрежна функција;
- болки во мускули и коски, чувство на слабост (астенија), треска;
- зголемување на вредностите на алкална фосфатаза (ензим во крвта).

**Ретки несакани дејства (кои се јавуваат кај 1 од 1000 пациенти):**
- мускулна болка, воспаление на зглобовите, зголемен мускулен тонус или грчеви;
- воспаление на цревата (колитис) поврзано со употреба на антибиотикот (во ретки случаи може да биде смртоносно) (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро);
- промени во крвната слика (леукопенија, леукоцитоза, неутропенија, анемија), зголемување или намалување на бројот на тромбоцитите (крвни плочки кои учествуваат во згрутчувањето на крвта);
- алергиска реакција, отекување (едем), или брзо отекување на кожата и слузниците (ангиоедем); (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро);
- зголемено ниво на шеќер во крвта (хипергликемија);
- намалено ниво на шеќер во крвта (хипогликемија) (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро);
- збунетост, дезориентација, анксиозни реакции, невообичаени соништа, депресија (која би можела да доведе до појава на мисли за самоубиство, обиди за самоубиство или извршување на самоубиство) (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро) или халуцинации;
- трнење и боцкање, невообичаени реакции на дразби, намалена чувствителност на кожата, тремор, или зашеметеност;
- проблеми со видот, вклучувајќи двојно гледање (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро);
- зуење во ушите, губење на слухот, оштетување на слухот;
- забрзана работа на срцето (тахикардија);
- проширување на крвните садови (вазодилатација), низок крвен притисок или несвестица;
- недостаток на воздух, вклучувајќи симптоми на астма;
- нарушување на црниот дроб, жолтица (холестатска жолтица) или воспаление на црниот дроб;
- чувствителност на светлина (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро);
- бубрежна слабост, присуство на крв или кристали во урината, воспаление на мочниот систем;
- задршка на течности или прекумерно потење;
- зголемено ниво на ензимот амилаза во крвта.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKSORE
SHKUP · СКОПЈЕ

**Многу ретки несакани дејства (кои се јавуваат кај од 1 на 10 000 пациенти):**

- посебен облик на намален број на црвени крвни клетки (хемолитичка анемија); опасно намалување на бројот на еден вид бели крвни клетки (агранулоцитоза) (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро); намалување на бројот на црвените и белите крвни клетки и тромбоцитите во крвта (панцитопенија), кое може да биде фатално, како и депресија на коскената срцевина која исто така може да биде фатална;
- алергиска реакција наречена серумска болест (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро);
- ментални пореметувања (психотични реакции кои би можеле да доведат до појава на мисли за самоубиство, обиди за самоубиство или извршување на самоубиство) (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро);
- мигрена, нарушување на координацијата, несигурен од (нарушување на одењето), пореметување на чувството за мирис (олфакторни нарушувања), притисок во мозокот (интракранијален притисок и псевдотумор на мозокот);
- нарушување во гледањето на бои;
- воспаление на ѕидот на крвните садови (васкулитис);
- воспаление на панкреасот;
- изумирање на клетките на црниот дроб (некроза на црн дроб) која многу ретко доведува до животозагрозувачко нарушување на функцијата на црниот дроб (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро);
- мали точкасти поткожни крварења (петехии), различни кожни промени (ерупции) или исипи;
- влошување на симптомите на миастенија гравис (погледнете во Точка 2: Бидете посебно внимателни со Ципро).

**Непозната зачестеност** (не може да се процени врз основа на достапните податоци):

- синдром поврзан со нарушено исфрлање на вода и ниско ниво на натриум (SIADH);
- силна возбуда (манија) или голем оптимизам и зголемена активност (хипоманија);
- невообичаено забрзан срцев ритам, животозагрозувачки неправилен срцев ритам, промена во срцевиот ритам (наречена продолжување на QT интервалот, што е видливо на ЕКГ);
- нарушување во згрутчувањето на крвта (кај пациенти кои се на терапија со антагонисти на Витамин К).

Пријавување на суспектни несакани реакции

Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ЦИПРО

**ДА СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!**

Рок на употреба: 4 години за таблетите Cipro 250mg, 5 години за таблетите Cipro 500mg и Cipro 750mg.

Лекот не смее да се употребува по истекот на датумот на употреба што е наведен на пакувањето. Истекот на датумот на употреба е до последниот ден од месецот што е наведен на пакувањето.

Лекот треба да се чува на собна температура (под 25°C), во оригиналното пакување, заштитен од светлина.

Медицинските производи не треба да се отстрануваат со отпадната вода и домашното ѓубре. Прашајте го Вашиот фармацевт за совет како да ги одстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки придонесуваат да се заштити Вашата околина.

## 6. СОДРЖИНА НА ПАКУВАЊЕТО И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи ЦИПРО**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ

**Активна супстанца**
Достапни се три јачини од ципрофлоксацин филм-обложени таблети: 250 mg, 500 mg и 750 mg. Активната супстанца е ципрофлоксацин.

**Ципро 750 mg, филм-обложени таблети**
Една филм обложена таблета содржи:
Ципрофлоксацин HCl монохидрат....................................................................830 mg
(соодветно на 750 mg ципрофлоксацин)

**Ципро 500 mg, филм-обложени таблети**
Една филм обложена таблета содржи:
Ципрофлоксацин HCl монохидрат....................................................................582 mg
(соодветно на 500 mg ципрофлоксацин)

**Ципро 250 mg, филм-обложени таблети**
Една филм обложена таблета содржи:
Ципрофлоксацин HCl монохидрат....................................................................291 mg
(соодветно на 250 mg ципрофлоксацин)

**Помошни супстанци**
- Микрокристална целулоза
- Прежелатинизиран скроб
- Кросповидон
- Кроскармелоза натриум
- Колоидна дехидрирана силика
- Магнезиум стеарат
- Opadry White

**Опис и содржина на пакувањето**
Филм-обложени таблети. Таблетите се спакувани во картонска кутија со PVC/ Al блистер.
Големина на пакување: 14 филм-обложени таблети / кутија.

**Производител:**
Biofarma İlaç Sanayi ve Ticaret A.Ş.
Akpınar Mah. Osmangazi Cad. No: 156, Sancaktepe/ Истанбул, Турција

**Број и датум на одобрението за ставање во промет:**

**Начин на издавање:**
Лекот се издава во аптека само на рецепт (Р)

**Датум на последната ревизија на внатрешното упатство:**
Октомври, 2019

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ